**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата Предлог Законот за управување со отпадни батерии и акумулатори**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за управување со отпадни батерии и акумулатори |
| Министерство: | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Јадранка Иванова, Раководител на Секторот за Европска Унија<br><br>J.Ivanova@moepp.gov.mk<br><br>075/250-234 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Мај 2010 година. |
| Поврзаност со ЕУ директиви | **Директиви на ЕУ**: 2006/66 ЕЦ; 2008/12 ЕЗ; 2008/103/ЕЗ.<br>**Одлуки на ЕУ**: 2008/763/ЕЗ; 2009/603/ЕЗ. |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

- Зголемено создавање на отпад од батерии и акумултори;
- Не постоење на мерки со кои се овозможува при дизајнирањето на батерии и акумулатори во неговата најрана фаза да се наметнат стандарди за намалување на создавањето на отпадот од батерии и акумулатори,
- Потребата од усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ во ова област.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

***Опција 1****:* Не прави ништо. Опцијата „не прави ништо“ се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline). Секако дека ова не е прифатлива опција бидејќи со одбирањето на оваа опција само ќе се зголемува отпадот од батерии на депониите и со тоа директно и секојдневно ќе се зголемуваат негативните ефекти врз животната средина, како и опортунитетните трошоци од неискористената можност да ги рециклираме батериите и да ги искористиме нивните корисни елементи. Исто така оваа опцција ќе има негативно влијание врз ЕУ интегративниот процес на Република Македонија, како резултат на неисполнување на обврските, односно нетранспонирање на Директивата 2006/66/ЕЗ

***Опција2****:* Донесување на Закон за управување со отпад од батерии и акумулатори со единствена цел за собирање и рециклирање на вкупниот отпад од акумулатори и батерии. Оваа опција опфаќа формирање на јавно правно лице формирано од државата кое ќе биде задолжено за собирање и управување со отпадот од батерии и акумулатори. Ова јавно претпријатие би било одговорно за постапувањето со отпадните батерии и акумулатори, со тоа што производителите ќе треба за секоја увезена количина на батерии и акумулатори да плаќаат определен надоместок

***Опција 3:*** Донесување на Закон за управување со отпад од батерии и акумулатори со единствена цел за собирање и рециклирање на вкупниот отпад од акумулатори и батерии. Оваа опција опфаќа формирање на колективен систем за собирање и управување со отпадот од батерии и акумулатори основан од страна на производителите коишто пуштаат на пазарот во Република Македонија батерии и акумулатори, поставување на обврска за собирање на сите потрошени батерии и акумулатори, поставување на национални цели на количини за собирање на отпадни батерии и акумулатори, обврски за рециклирање на овој отпад, забрана за производство и продажба на акумулатори и батерии кои содржат штетни елементи, забранување за фрлање на отпад од акумулатори на депониите, поставување обврска на производителот, мониторинг на количината на батерии и акумулатори кои што се продаваат на пазарот и сл. Според оваа опција собирањето на акумулаторите и батериите ќе биде на доброволна основа и увозниците на батерии и акумулатори нема да плаќаат никаков надомет доколку ги повратат батериите споерд предвидените законски цели.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

А. бизнис субјектите во следниве категории:

- производители на батерии и акумулатори,
- корисници на батерии и акумулатори,
- дистрибутери на батерии и акумулатори,
- малопродажни субјекти,
- фирми собирачи на отпад,
- преработувачи на отпад,
- фирми корисници на материјали од преработен отпад.
- Стопанските комори во Република Македонија

Б. Органи на државната и локалната власт:

- Министерство за животна средина и просторно планирање,
- Едиците на локалната самоуправа (Јавните комунални претпријатија).

В. Јавноста:

- Граѓаните,
- НВО

Консултациите по опциите и текстот на законот ќе се спроведуваат во текот на целиот процес на ПВР и ќе се реализираат преку соодветни јавни консултации согласно Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/08).

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

- податоци за количеството на отпадот од батерии и акумулатори што се создава во РМ,
- податоци за количеството на отпадот од батерии и акумулатори што се соберува од правни и физички лица,
- податоци за увоз/извоз на батерии и акумулатори и суровини за производство на батерии и акумулатори во Република Македонија.

Податоците ќе се обезбедат преку државните институциите. Примарен извор на официјални податоци ќе биде Државниот завод за статистика, ресорните министерства и други органи (Царинска управа на Република Македонија и Стопанските комори во Република Македонија, и др.)

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

   За Предлог на Закон за управување со отпадни батерии и акумулатори ќе се спроведуваа иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

   За спроведување на ПВР нема да се формира меѓуресорска работна група.